РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12-3776/2
18. 09. 2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 34 став (5) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16), и Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основно образование бр. 19-2252/1 од 05.03.2013 и бр. 20-2929/1 од 02.03.2017 година, Министерството за образование и наука донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за акредитација на здружение на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта по наставниот предмет Математика**

1. Се акредитира **Сојуз на математичари на Република Македонија** за организирање на натпревари на учениците од основните училишта по наставниот предмет Математика.
2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се врши врз основа на поднесеното Барање за акредитација од Сојуз на математичари на Република Македонија бр. 12-3776/1 од 17.03.2017 година.
3. Акредитацијата од точка 1 на ова Решение е за период од три години.
4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

Министерството за образование и наука објави Конкурс за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните училишта бр. 12-3064/1 од 06.03.2017 година, на кој Сојуз на математичари на Република Македонија поднесе барање за акредитација бр. 12-3776/1 од 17.03.2017 година. Согласно член 34 став (5) од Законот за основното образование, Министерството за образование и наука, на предлог на Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта, врши акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните учиишта.

Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта, формирана со Решение на министерот за образование и наука бр. 19-15112/1 од 25.12.2013; 19-15112/2-13 од 27.01.2014 и 20-8716/1 од 17.04.2015 година, утврди дека Сојуз на математичари на Република Македонија, ги исполнува

основните критериуми за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта утврдени во член 34 став (7) од Законот за основното образование, ја достави потребната документација наведена во Конкурсот за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните училишта и го акредитира за период од три години, согласно член 5 од Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основно образование бр. 19-2252/1 од 05.03.2013 година и бр. 20-2929/1 од 02.03.2017 година.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

*Упатство за правно средство:* Против ова решение може со тужба да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на решението.

Министерство за образование и наука
Министер,
Pishtar Lutfiu

Доставено до:
- архива
- Здружението
- Биро за развој на образованието